**20140270934**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ НА ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови на човечкото тело заради лекување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр. 07-664/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ НА ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за земање и пресадување на делови на човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ број 47/11, 136/11, 91/13 и 164/13), во членот 55 по ставот (10) се додаваат седум нови става (11), (12), (13), (14), (15), (16) и (17), кои гласат:

„(11) Владата на Република Македонија избира заменик на националниот координатор за трансплантација, по објавен оглас на предлог на министерот за здравство, со мандат од четири години.

(12) Заменикот го заменува националниот координатор за трансплантација во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини е спречен да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности.

(13) Лицето од ставот (12) на овој член треба да ги исполнува условите од ставот (2) на овој член и да полага психолошки тест и тест за интегритет согласно со ставовите (4), (5) и (6) на овој член.

(14) Министерството за здравство, врз основа на исполнетоста на условите од ставот (2) точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член, подготвува листа на кандидати.

(15) Министерот за здравство до Владата на Република Македонија за заменик на националниот координатор за трансплантација го предлага прворангираниот кандидат од листата од ставот (14) на овој член.

(16) Заменикот на националниот координатор од ставот (15) на овој член, во рок од шест месеци од изборот, доставува доказ за исполнетост на условите од ставовите (2) точка 8 и (3) на овој член.

(17) Доколку заменикот на националниот координатор од ставот (15) на овој член не ги достави доказите од ставот (16) на овој член, му престанува мандатот со денот на истекот на шест месеци од денот на изборот.“

Член 2

Во членот 55-д по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) На заменикот на националниот координатор за трансплантација му се исплатува месечен надоместок во висина од 70% од месечниот надоместок што му се исплаќа на националниот координатор за трансплантација согласно со ставот (1) на овој член.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.